Врз основа на член 27 став 2 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18), Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, на седницата одржана на 16.03.2020 година донесе

# Правила
## за дополнување на Правилата за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата

1. Во Правилата за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата бр. 01-514/17 од 20.01.2020 година, во главата III Критериуми за подобност на натпреварувачите по став 5 се додава нов став 6 кој ќе гласи:

„Во одредени случаи, Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој може да утврди поинакви критериуми за подобност на натпреварувачите. Критериумите се утврдуваат во самиот јавен повик."

2. Во главата IV Процес на аплицирање и постапка за доделување на награди, во делот Потребна документација по став 2 се додава нов став 3 кој ќе гласи:

„Во одредени случаи, Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој може во самиот повик да ја утврди документацијата потребна за пријавување на натпреварот односно предизвикот. "

3. Останатите одредби во Правилата за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата, бр. 01-514/17 од 20.01.2020 година, остануваат непроменети.

4. Овие Правила за дополнување на Правилата за организирање и спроведување на натпревари и предизвици за поттикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата, влегуваат во сила од денот на нивното донесување.

Бр.___________
Скопје, 16.03.2020 година

Претседател на Управен одбор
на Фонд за иновации и технолошки развој
Моника Јованова